**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМСКА И ТВ РЕЖИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија , 60803 Фраскатиева класификација,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 1 март 2024 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Јани Бојаџи.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Сашо Павловски,**
**Проф. Владимир Стојчевски,**
**Проф. Роберт Јанкулоски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Јани Бојаџи во 2019 година ги започнува своите истражувања за спецификите на примената на инструментите и средствата за работа на режисерот во уметноста на филмот, преку споредбени анализи со актерските инструменти и средства за работа.

Објавува статии во научни списанија и ја составува тезата за својата докторска дисертација пред научно наставниот совет на универзитетот *Неофит Рилски* во Бугарија. Ги интензивира научните истражувања во областа на актерската игра пред филмска камера преку експерименти, вежби и задачи со студентите од универзитетот Еуропа Прима и практично ги проверува и имплементира во процесот на работа со актерите во филмот *Кино Љубов* во текот на 2019 година. Проектот е целосно посветен на проблемот на актерството во филм и целиот процес ги поминува сите специфики на лаборатирија и истражувања преку практични задачи во фазите на предпродукција, работа со актери на маса, истражувања, анализи, карактеризации и психологизации. Поставување на специфичен мизансцен и одвојување на мизанкадарот како одделно изразно средство кое не може да се стави без функционален однос без активна, свесна, преднамерена партиципација на актерите со сите фази на реализација.

Целиот процес се заокружува во фазата на продукција во која е определено дека филмот со крајна должина од 95 минути ќе биде составен од 10 кадри со голема должина, од кој основниот, кадарот за експозицијата, заврската и перипетијата треба да трае 45 минути. Во текот на овој процес тој ги открива и другите инструменти и средства за работа на режисерот, а тоа се работата со сценристот и работата со монтажерот кои ги дефинира како средство за работа на режисерот во уметноста на филмот.

Дисертацијата уште во својата истражувачка фаза предизвикува голем академски интерес на катедрата за уметности на универзитетот *Неофит Рилски*, заради специфичните истражувања кои за прав пат се работат на Балканот а во целост се посветени на точна дефиниција на практичните проблеми на режисерот во процесот на истражувања, подготовки и продукција во уметноста на филмот. Во фазата на заокружување на истражувањата се појавува и проблемот на себепретставување, себепромоција, маркетинг на режисерот како единствен автор на филмското дело во светот на филмот во комплексните односи во делот на бизнисот, посебно на дистрибуцијата и фестивалската промоција на режисерот и неговото дело. Процесот на промоција и дистрибуција на *Кино Љубов* тој го поставува како прва проверка на ова средство за работа на режисерот во уметноста на филмот. Така дисертацијата го добива својот конечен облик како научно истражување за инструментите и средствата за работа на режисерот во фазите на подготовка, продукција и промоција на филмот.

Дисертацијата е одбранета во 2022 година со највисока оценка одличен. Неговата докорска дисертација на универзитетот *Неофит Рилски* се препорачува на студентите како официјален учебник на катедрата во режија за филм и телевизија. Во меѓувреме продолжува научниот интерес на Јани Бојаџи за продлабочување на истражувањата за практичните проблеми на режисерот во деликатниот процес на создавање на филм. Во 2022 година тој го пишува сценариото, ја развива и етаблира продукцијата на играната серија *Бистра вода*, која има, за прв пат во историјата на македонската телевизиска продукција 19 епизоди по еден игран час. Во процесот на нови истражувања се појавува и прашањето за местото и улогата на кинематограферот, директорот на фотографија и дефинитивно се покажува дека тој е уште едно средство за работа во уметноста на режисерот.

Сите сознанија стекнати во овој процес резултираат со пишување на уште еден труд кој станува дополнување на предходните и е составен дел од неговата научна и образовна книга, *Гледна точка* која е подготвена и во текот на октомври ќе излезе од печат. *Гледна точка* во себе си ги содржи основните, 5 средства за работа на режисерот во уметноста на филмот, а тоа се: сценариото и сценаристот, актерот и актерството, кинематограферот и камерата, монтажерот и монтажата и себепромоцијата и маркетингот на режисерот како уметник и човек. Во 2023 година Јани Бојаџи ги започнува подготовките за еден сосема нов формат во македонската кинематографија и телевизиска индустрија со проектот Утре наутро кој треба да биде составен од игран филм и шест епизоди од играна серија кои се подготвуваат, продуцираат и комплетираат во истото време но како различни формати, должини и она што е специфично, различни содржини, структура и фабула. Комплексниот процес го води кон откривањето на уште едно средство за работа на режисерот во уметноста на филмот, а тоа е работата со продуцентот и продукцијата во процесот на создавање на филм и играна телевизиска продукција. Утре наутро, во сегашната, актуелна фаза на монтажа и комплетирање, ги потврдува сите негови предходни теоретски истражувања објавени во неговата докторска дисертација во делот на монтажата како средство за работа, посебно во комплексниот систем на монтажа преку активно вкрстување на гледните точни, преминувањата на замислениот ѕид со создавање на таканаречени џампкатови со антифабулно разминување на реалното и филмското време. Во овој момент тој подготвува артикли за објавување во научни списанија посветени на феноменот на работа на режисерот со продуцентот и продукцијата.

Крајната цел е издавање на одделно дело целосно посветено на продуцентството во уметноста на филмот како клучно средство за работа на режисерот, фокусирано на состојбите во Македонија, каде во голема мера тој сегмент е сепариран, мистифициран и е предмет на манипулација, злоупотреби и корупција. До крајот на 2024 година тој ги завршува и подготовките на првата македонска теленовела која во овој момент има развиено 50 епизоди со должина од 45 минути.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Јани Бојаџи** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Вонреден професор** по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Сашо Павловски,**

______________________________

**Проф. Владимир Стојчевски**

_________________________________

**Проф. Роберт Јанкулоски**

_________________________________

**Скопје, 29.03.2024**